Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 269, 15 јануари 2021 година

јануари 2021 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ВАЈАЊЕ И ВАЈАРСКИ ТЕХНИКИ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ ........ 12

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ВАЈАЊЕ И ВАЈАРСКИ ТЕХНИКИ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 63 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015 и 154/2015 година), Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија на 67. седница, одржана на 7.10.2020 година, донесе Одлука бр. 2402-56/4 од 7.10.2020 година за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Никола Смилков, редовен професор,** наставно-научна област вајање и вајарски техники и методика на ликовно воспитувања, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- **м-р Ибрахим Беди, редовен професор,** наставно-научна област вајање и вајарски техники, Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, член;
- **д-р Фехим Хусковиќ,** наставно-научна област методика на ликовно воспитување, Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, член.

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области вајање и вајарски техники, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.9.2020 година се пријави кандидатот д-р Слободан Милошески.

На седницата одржана на 7.10.2020 година, Комисијата за разгледување на документите по Конкурс за избор во звање, изврши увид во потребната документација и констатира дека согласно со Конкурсот објавен на 16.9.2020 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област вајање и вајарски техники, кандидатот д-р Слободан Милошески ги исполнува условите наведени во Конкурсот.

По деталното разгледување на приложената документација, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Д-р Слободан Милошески е роден во 1977 година во Охрид. Основно и средно образование завршува во Кичево. Во 2001 година го завршува Факултетот за физичка култура при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а во 2009 година го завршува Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, отсек Вајарство и се стекнува со звање дипломиран ликовен уметник од областа на вајарството со просек 9,84. Истовремено се стекнува и со диплома - најдобар студент на вајарски оддел. Милошески го продолжува своето образование на постдипломски студии, каде што во 2011 година магистрира под менторство на проф. м-р Беди Ибрахим со просечна оценка 9,88 и со самостојна завршна изложба, со што се стекнува со академски степен магистер по ликовни уметности од областа на вајарството. Неговите докторски студии ги продолжува на Националната академија за уметност во Софија, каде што во 2018

година под менторство на доц. д-р Стефан Хаџиев докторира со просек 10,00, со што се здоби со научен степен доктор на науки по ликовни уметности од областа на скулптурата. Од 2013 до 2015 година е ангажиран како надворешен предавач за предметите Вајање и технологија на Одделот за уметност на Интернационалниот универзитет во Нови Пазар, Р. Србија. Од 2016 година е ангажиран како насловен доцент од наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Од 2017 година е избран за доцент од наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

По дипломирањето активно работи на монументална скулптура и скулптури во галериски формат. Има учествувано на 15 меѓународни уметнички симпозиуми и претставувања во Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија и Македонија. Има реализирано 16 (шеснаесет) самостојни изложби и 77 (седумдесет и седум) групни изложби, во земјава и во странство. Автор е на 12 (дванаесет) поставени монументални скулптури во Македонија.

Добитник е на над десет награди од кои посебно се издвојуваат:

Награда за скулптура „Јордан Грабул" доделена од ДЛУМ – Скопје, РС Македонија во 2012 г.;

Награда за мал формат од ДЛУМ – Скопје РС Македонија во 2014 г.;

Награда за скулптура „Јордан Грабул" доделена од ДЛУМ – Скопје, РС Македонија во 2014 г.

Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија и Здружение на копаничари на Македонија.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:

1. Избор во звање насловен доцент (Универзитетски билтен бр. 162 од февруари 2016 година; Одлука бр. 2402- 54/4 од 16.3.2016 година на ННУС на Ликовната академија во Штип;

Избор во звање доцент (Универзитетски билтен бр. 188 од април 2017 година; Одлука бр. 2402- 57/4 од 8.5.2017 година на ННУС на Ликовната академија во Штип; Анекс на Договор за вработување бр. 0402-7/35 од 19.5.2017 година);

2. Најмалку пет признаени меѓународни уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава, во последните пет години:

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Место на претставување** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Слободан Милошески | „Ритмичка привлечност" / Конекција 2 | Регионална библиотека, Стара Загора, Бугарија | 2016 |
| 2 | Слободан Милошески | Импулси | КИЦ на РСМ, Софија, Бугарија | 2016 |
| 3 | Слободан Милошески | Без наслов / Трета меѓународна изложба на мал формат на хартија | Галерија на Интернационалниот универзитет, Нови Пазар, Србија | 2016 |
| 4 | Слободан Милошески | „Биомеханика" / Сподели радост | КИЦ на РСМ во Софија | 2017 |
| 5 | Слободан Милошески | „Притаено очекување" / Поврзување | Балабанова куќа, Пловдив, Бугарија | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Слободан Милошески | „Расцветување“ / Миниартура | Галерија „Сингидунум“, Белград, Србија | 2018 |
| 7 | Слободан Милошески | „Фрагментирана перцепција“ / Поврзување | Малата ранохристијанска базилика, Пловдив, Бугарија | 2018 |
| 8 | Слободан Милошески | „Будење“ / Мал формат | Галерија „Пловдив“, Пловдив, Бугарија | 2018 |
| 9 | Слободан Милошески | Структурални модификации | Прима центар, Берлин, Германија | 2019 |
| 10 | Слободан Милошески | Морфолошка дезагрегација | Галерија МЦ, Њујорк, САД | 2019 |

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатот е вклучена во високообразовниот процес во континуитет од 7 години. Од 2013 до 2015 год. е ангажиран како надворешен предавач на предметите Вајање и Технологија на вајарство, Департмент за уметност, Интернационален универзитет во Нови Пазар, Србија. На 16.3.2016 година е избрана за насловен доцент од наставно-научната и уметничка област вајарство и вајарски техники на студиската програма Вајарство на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. На 8.5.2017 година е избран за доцент од наставно-научната и уметничка област вајарство и вајарски техники на студиската програма Вајарство на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од 2016 до 2020 год. е ангажиран на следните предмети на студиската програма Вајарство на Ликовна академија: Класично вајање 1, 2, 3, 4, 5, 6; Вајање 7 и 8; Класични вајарски технологии 1, 2, 3, 4; Вајарска анатомија 1, 2, 3, 4; Теорија на ликовни уметности. Во периодот од 2019 до 2020 год. е ангажиран на предметите Вајање и Керамика на студиската програма Класично сликарство на Ликовната академија. Кандидатот Милошески е автор на рецензираната скрипта „Основи на вајарството“, објавена во електронската библиотека на Универзитетот за студентите во осми семестар на студиската програма Класично сликарство, за која може да се рече дека е универзално, стручно и занимливо четиво од областа на вајарството. Кандидатот преку својата педагошка дејност низ стручните предмети кои им ги предавал на студентите, како и низ сите менторски проекти кои ги спровел со нив, има особен придонес во нивното стручно оспособување, со што несомнено може да се потврди дека има придонес во оспособување на помлад кадар. Кандидатот д-р Слободан Милошески покажал особена способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност – преку теоретски предавања, практични вежби, изведување ликовна практика, екстракурикуларни активности и интердисциплинарност во менторските проекти со студентите.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

Објавени стручни и уметнички трудови и презентации од 2016 до 2020 г.

2016 - I Интернационален уметнички симпозиум „Нишка Бања 2016”, Ниш, Србија;
2016 - XXIII Интернационална кичевска ликовна колонија, Кичево, С. Македонија;
2016 - Шести фестивал на франкофонија „Солеј”, Созопол, Бугарија;
2017 - XXIV Интернационална кичевска ликовна колонија, Кичево, С. Македонија;

2017 - Седми фестивал на франкофонијата „Солеј”, Созопол, Бугарија;

2018 - Computer simulation of air currents in the space in which the sculpture “Red Polygon” is positioned. In: III.International conference on social sciences and humanities (IBU-ICSSH2018), Скопје, С. Македонија;

2018 - „Култура на читање на ликовните дела“, Палимпсест, год. 3, бр.5, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Штип, С. Македонија;

2018 - XII Меѓународна ликовна колонија „Хрид” - Плав, Црна Гора;

2018 - Осми фестивал на франкофонија „Солеј“, Созопол, Бугарија;

2019 - Меѓународна летна академија и симпозиум „Скулптура во дрво и сликарство“, Ахтопол, Бугарија.

**РЕАЛИЗИРАНИ ИЗЛОЖБИ 2016-2020**

Групни изложби:

2016 - Конекција 2, Стара Загора, Бугарија;

2016 - Трета меѓународна изложба на мал формат на хартија, Галерија на Интернационалниот универзитет, Нови Пазар, Србија;

2016 - Конекција 2, Балабанова куќа, Пловдив, Бугарија;

2016 - Изложба на XXIII Интернационална кичевска ликовна колонија, Кнежино, Кичево, Македонија;

2016 – Изложба на осма и деветта меѓународна колонија на професори и студенти, Универзитетски културен центар, Нови Пазар, Србија;

2016 - Минато-сегашност-иднина, Мала станица, Скопје, С.Македонија;

2016 - Конекција 2, Мала станица, Скопје, С. Македонија;

2016 - Минијатура, Салон на Тутунска банка, Скопје, С. Македонија;

2016 - Изложба на XXIII Интернационална кичевска ликовна колонија, Музеј на Град Скопје, Скопје, С. Македонија;

2016 - Мал формат, КИЦ, Скопје, С. Македонија;

2017 - Сподели радост, КИЦ на РМ во Софија, Бугарија;

2017 - Мал формат, Галерија „Борко Лазески”, Прилеп, С. Македонија;

2017 - Поврзување, изложба на сликарство, графика, скулптура, плакат, Балабанова куќа, Пловдив, Бугарија;

2017 – Ликовни изрази - изложба на автори од Турција и Македонија, Музеј, Битола, С.Македонија;

2017 – Изложба на дела од XXIV Интернационална кичевска ликовна колонија, КИЦ, Скопје, С. Македонија;

2017 – Миниартура, Галерија на Тутунска банка, Скопје, С. Македонија;

2017 – Мал формат, КИЦ, Скопје, Македонија;

2017 – ДЛУМ-Годишна изложба, Мала станица, Скопје, С. Македонија;

2018 – Спектрални места, Чифте амам, Скопје, С. Македонија;

2018 – Миниартура, Галерија „Сингидунум“, Белград, Србија;

2018 – Поврзување - изложба на сликарство, графика, скулптура, плакат и проекција на филм, Малата ранохристијанска базилика, Пловдив, Бугарија;

2018 – Мал формат, Галерија „Пловдив“, Пловдив, Бугарија;

2018 – Хуманитарна изложба во организација на УАКС, Сити Хол, Скопје, Македонија;

2018 – ДЛУМ - Годишна изложба, Мала станица, Скопје, С. Македонија;

2019 – Современа скулптура, МКЦ, Скулптура, Скопје, С. Македонија;

2019 – Миниартура, Галерија на Тутунска банка, Скопје, С.Македонија;

2019 – Мал формат, КИЦ, Скопје, Македонија;

2019 – ДЛУМ - Годишна изложба, Мала станица, Скопје, С. Македонија;

2020 - Прва меѓународна интернет изложба „BELE NOĆI MajdanArt 2020";
2020 – Современа скулптура, Уметнички центар Арт Хуб, Скопје, С.Македонија.
Самостојни изложби
2016 – „Импулси", КИЦ на РМ во Софија, Бугарија;
2016 – „Циклични пулсирања", НУЦК „Кочо Рацин", Кичево, Македонија;
2016 – „Циклични пулсирања", НУЦК „Марко Цепенков", Прилеп, Македонија;
2017 - „Момент на привлечност", КИЦ, Скопје, Македонија;
2018 - „Констелации во уметничкиот универзум", НУЦК „Ацо Шопов", Штип, Македонија;
2019 - „Структурни модификации", Прима центар, Берлин, Германија;
2019 - „Морфолошка дезагрегација", Галерија МЦ, Њујорк, САД;
2019 - „Рефлексија на диферентни модулации", Пионерски дом, Гевгелија, Македонија.
Монументални дела 2009-2017
2020 - Скулптура „Птица", поставена на Балкански универзитет во Скопје.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ 2016-2020 г.**
Книга/учебник
2020 - „Основи на вајарството", рецензирана скрипта за студентите за предметот Вајање, на студиската програма Класично сликарство, на Ликовната академија во Штип.

Член на факултетски орган, комисија

2016 - Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2016/2017 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за студиската програма Вајарство.

2017 - Член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2017 - Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за студиската програма Вајарство.

2018 - Претседател на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2018/2019 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2018 - Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2018/2019 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за студиската програма Вајарство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и изнесените податоци, Комисијата констатираше дека пријавениот кандидат д-р Слободан Милошески има широк спектар на стручно-уметничка и научна дејност. Опсежниот творечки опус, реализираните бројни групни и самостојни изложби, трудови во меѓународни и во домашни научни списанија и публикации укажуваат дека се работи за профилиран и стручен кандидат кој постојано придонесува во ликовната уметност во Република Северна Македонија. Кандидатот д-р

Слободан Милошески активно учествува во работата на бројни комисии со што дава голем придонес и во организациско-развојната дејност. Комисијата констатираше дека неговата стручно-уметничката и научна активност со големиот број уметнички и научни претставувања надвор од Република Северна Македонија е дополнителна потврда за квалитетот на овој кандидат. По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатот кој се пријави на распишаниот Конкурс и по извршениот увид во уметничката компетенција и достигнувања, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го избере д-р Слободан Милошески во наставно-научно/уметничко звање вонреден професор во наставно-научната област вајање и вајарски техники.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Никола Смилков, редовен професор,**
**претседател, Факултет за образовни науки, УГД, Штип, с.р.**
**М-р Беди Ибрахим, редовен професор,**
**Факултет за ликовни уметности, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Д-р Фехим Хусковиќ, редовен професор,**
**Факултет за ликовни уметности, УКИМ, Скопје, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (Табела за вреднување на активностите на д-р Слободан Милошески во изборниот период од април 2016 до септември 2020 година, според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип) | | |
| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
| 4. | Избор во звање насловен доцент (Универзитетски билтен бр. 162 од февруари 2016 година; Одлука бр. 2402- 54/4 од 16.3.2016 година на ННУС на Ликовната академија во Штип);<br><br>Избор во звање доцент (Универзитетски билтен бр. 188 од април 2017 година; Одлука бр. 2402- 57/4 од 8.5.2017 година на ННУС на Ликовната академија во Штип; Анекс на Договор за вработување бр. 0402-7/35 од 19.5.2017 година) | 30 | |
| Ред.бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
| | | во земјава | во странство |
| 4. | Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (автор/ прв автор)<br><br>2018 - „Култура на читање на ликовните дела“, Палимпсест, год.3 бр.5, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Штип, С. Македонија | 1x9=9 | |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br><br>2016 - Изложба на XXIII Интернационална кичевска ликовна колонија, Кнежино, Кичево, С.Македонија<br>2016 - „Минато-сегашност-иднина“ , Мала станица, Скопје, С.Македонија<br>2016 - „Конекција 2“, Мала станица, Скопје, С.Македонија<br>2016 - „Миниартура“, Галерија на Тутунска банка, Скопје, С.Македонија<br>2016 - Изложба на XXIII Интернационална кичевска ликовна колонија, Музеј на Град Скопје, Скопје, С.Македонија<br>2016 - „Мал формат“, КИЦ, Скопје, С.Македонија<br>2017 - „Ликовни изрази“ - изложба на автори од Турција и Македонија, НУ Завод и музеј, Битола, С.Македонија<br>2017 - Изложба на дела од XXIV Интернационална кичевска ликовна колонија, КИЦ, Скопје, С.Македонија;<br>2017 - „Миниартура“, Галерија на Тутунска банка, Скопје, С.Македонија;<br>2017 - „Мал формат“, КИЦ, Скопје, С.Македонија<br>2017 - „Годишна изложба“ - ДЛУМ, Мала станица, Скопје, С.Македонија<br>2018 - „Спектрални места“, Чифте амам, Скопје, С.Македонија<br>2018 - Хуманитарна изложба во организација на УАКС, Сити Хол, Скопје, Македонија | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2018 - „Годишна изложба“-ДЛУМ, Мала станица, Скопје, С.Македонија<br>2019 - „Современа скулптура“, МКЦ, Скулптура, Скопје, С.Македонија<br>2019 - „Миниартура“, Галерија на Тутунска банка, Скопје, С.Македонија<br>2019 - „Мал формат“, КИЦ, Скопје, Македонија<br>2019 - „Годишна изложба“ - ДЛУМ, Мала станица, Скопје, С.Македонија<br>2020 - „Современа скулптура“, Уметнички центар Арт Хуб, Скопје, С.Македонија<br><br>2016 - „Конекција 2“, Регионална библиотека, Стара Загора, Бугарија<br>2016 - Шести фестивал на франкофонија „Солеј", Созопол, Бугарија<br>2016 - Трета меѓународна изложба на мал формат на хартија, Галерија на Интернационалниот универзитет, Нови Пазар, Србија<br>2016 - Изложба на осма и деветта меѓународна колонија на професори и студенти, Универзитетски културен центар, Нови Пазар, Србија<br>2017 - „Сподели радост“ , КИЦ на РСМ во Софија , Бугарија<br>2017 - „Поврзување“, изложба на сликарство, графика, скулптура, плакат, Балабанова куќа, Пловдив, Бугарија<br>2017 - Седми фестивал на франкофонијата „Солеј", Созопол, Бугарија<br>2018 - „Миниартура“, Галерија „Сингидунум“, Белград, Србија<br>2018 - „Поврзување“ - изложба на сликарство, графика, скулптура, плакат и проекција на филм, Малата ранохристијанска базилика, Пловдив, Бугарија<br>2018 - Осми фестивал на франкофонија „Солеј“, Созопол, Бугарија<br>2018 - „Мал формат“, Галерија „Пловдив“, Пловдив, Бугарија<br>2020 - Прва меѓународна интернет изложба „BELE NOĆI MajdanArt 2020“ | 19x3=57 | 12x6=72 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт<br><br>2018 - Computer simulation of air currents in the space in which the sculpture "Red Polygon" is positioned. In: III.International conference on social sciences and humanities (IBU-ICSSH2018), Скопје, С.Македонија | 1x2=2 | |
| 10. | Одбранета докторска дисертација<br><br>2018 - Одбрана на докторска дисертација на Национална уметничка академија во Софија, Р. Бугарија | | 1x8=8 |
| 26.. | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба)<br><br>2016 – „Циклични пулсирања", НУЦК „Кочо Рацин", Кичево, С.Македонија<br>2017 - „Момент на привлечност“, КИЦ, Скопје, С.Македонија<br>2018 - „Констелации во уметничкиот универзум“, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип, С.Македонија<br>2019 - „Рефлексија на диферентни модулации“, Пионерски дом, Гевгелија, Македонија<br><br>2016 – „Импулси", КИЦ на РМ во Софија, Бугарија<br>2019 - „Структурни модификации“, Прима Центар, Берлин, Германија<br>2019 - „Морфолошка дезагрегација“, Галерија МЦ, Њујорк, САД | 4x6=24 | 3x10=30 |
| 27. | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело<br><br>2016 - XXIII Интернационална кичевска ликовна колонија, Кичево, С. Македонија | 2x3=6 | 3x6=18 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2017- XXIV Интернационална кичевска ликовна колонија, Кичево, С. Македонија<br><br>2016 - I Интернационален уметнички симпозиум „Нишка Бања 2016", Ниш, Србија<br>2018 - XII Меѓународна ликовна колонија „Хрид"- Плав, Црна Гора<br>2019 - Меѓународна летна академија и симпозиум „Скулптура во дрво и сликарство", Ахтопол, Бугарија | | |
| 28. | Монументално ликовно дело<br><br>2020 - Скулптура „Птица", поставена во објектот на Интернационален балкански универзитет – Скопје | 1x10=10 | |
| Ред.бр | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
| | | во земјава | во странство |
| 1. | Книга/учебник<br><br>2020 - „Основи на вајарството", рецензирана скрипта за студентите за предметот Вајање, на студиската програма Класично сликарство на Ликовната академија во Штип | 1 x 10=10 | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија<br><br>2016 - Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2016/2017 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за студиската програма Вајарство<br><br>2017 - Член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип<br><br>2017 - Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за студиската програма Вајарство<br><br>2018 - Претседател на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2018/2019 г на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип<br><br>2018 - Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2018/2019 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за студиската програма Вајарство | 5 x 2=10 | |
| | Вкупно поени | 158 | 128 |
| | Вкупно поени | 286 | |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од Наставно-научниот совет на докторски студии**

| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| 1. Класификација на сцени снимени од воздух со методите на пренос на учење од конволуциски невронски мрежи | 0206-634/4 од 28.12.2020 год. | проф. д-р Татјана Атанасова Пачемска<br><br>проф. д-р Томе Димовски | Бисерка Петровска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГОСТИКА | | | |
| 2. Културното наследство во функција на одржливиот развој на туризмот во Полошкиот регион | 0206-633/2 од 28.12.2020 год. | проф. д-р Нако Ташков<br><br>проф. д-р Адем Дрешај | Агим Асани |
| 3. Улога на туристичките агенции врз развојот на туризмот во Република Северна Македонија | 0206-633/5 од 28.12.2020 год. | проф. д-р Златко Јаковлев<br><br>проф д-р Лидија Симонческа | Билјана Николовска |
| ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ | | | |
| 4. Динамична комплексност на менаџмент комуникацијата во реализација на механизми на управување во економскиот развој | 0206-633/3 од 28.12.2020 год. | проф. д-р Еленица Софијанова<br><br>проф. д-р Каролина Илиеска | Горан Митев |
| МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ | | | |
| 5. Математичко моделирање на параметрите на рапавост при обработка со стружење на метали со зголемена тврдина | 0206-634/2 од 28.12.2020 год. | проф. д-р Елениор Николов<br><br>проф. д-р Мите Томов<br><br>проф. д-р Симеон Симеонов | Мевлудин Шабани |